# З А П И С Н И К
**од Осумнаесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 31.7.2017 година**

**Скопје, јули 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Осумнаесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 31.7.2017 година**

Седницата започна во 18.55 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и д-р Гоце Чакаровски, заменик на министерот за здравство и д-р Елми Азири, заменик на министерот за труд и социјална политика и Мирјана Јанева, шеф на Кабинет на претседателот на Владата на Република Македонија, Миле Бошњаковски и Мухамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и Екрем Зендели, заменик на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување.

Од седницата отсуствуваа м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Арбен Таравари, министер за здравство и д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

Усвојување на Записникот од 15-та седница на Владата, одржана на 18.7.2017 година

**А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Информација за обезбедување на потребните количини дизел гориво и финансиски средства за ангажирањето на механизацијата на Дирекцијата за заштита и спасување за поплавите во Тетово и Скопје во 2016 година, со Предлог-одлука

2. Извештај за работењето на ЈП Македонски железници - Инфраструктура за период I-III 2017 година

3. Тримесечен извештај за работењето на Македонски железници – Транспорт АД – Скопје за период 1.10. – 31.12.2016 година

4. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за мај 2017 година

5. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за јуни 2017 година

6. Барање за донесување одлука за доделување финансиска помош на Македонски железници – Транспорт АД – Скопје за подобрување на финансиската состојба

7. Информација за месец АПРИЛ, 2017 год. за реализација на проектите: - „Бесплатен викенд за млади лица до 27 години за превоз во железнички сообраќај“ - „50% попуст за ученици и студенти“ - „Бесплатен четврток за студенти во железнички патнички сообраќај“ - „Средношколска среда“ - „Бесплатен викенд за стари лица во железнички патнички сообраќај“

8. Информација за месец МАЈ, 2017 год. за реализација на проектите: - „Бесплатен викенд за млади лица до 27 години за превоз во железнички сообраќај“ - „50% попуст за ученици и студенти“ - „Бесплатен четврток за

студенти во железнички патнички сообраќај“ - „Средношколска среда“ - „Бесплатен викенд за стари лица во железнички патнички сообраќај“

9. Информација за вкупниот одземен конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети со кои управува Агенцијата за управување со одземен имот за месец април 2017 година

10. Финансиски извештај за четвртото тромесечје на 2016 година (сметано од 01.10.2016 година до 31.12.2016 година) на работењето на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје

11. Извештај од спроведениот Попис на железничкиот сообраќај на главните меѓународни железници (Е-железници) во Република Македонија, во 2015 година

12. Извештај за работа на Државниот завод за статистика во 2016 година

13. Предлог-одлука за изменување на одлуката за утврдување на Националната номенклатура на индустриски производи,2008

14. Информација за продажбата на акциите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1-ви април до 30-ти јуни 2017 година.

15. Информација во врска со проверка на сите примателли на пензии со евиденција на починати лица со цел да се утврди дали има исплата на пензии на починати лица без основ

16. Барање за поведување постапка за овластување на организација за изработка на одликувања на Република Македонија и Информација за иницирање на постапка за донесување на одлука за овластување на организација за изработка на одликувања на Република Македонија, со Предлог - одлука

17. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за обезбедување од дејствија на незаконско постапување (Aviation Security)

**б) Економски систем и тековна економска политика**

18. Информација во врска со иницијативата за измена на член 4 (2) од Одлуката за 2012/04/EnC-MC при Секретаријатот за енергетска заедница со која Директивата 2009/28/ЕС за промоција на користењето на обновливите извори на

енергија стана обврска за земјите потписнички на Договорот за основање на енергетската заедница, во делот за Република Македонија

19. Информација во врска со постапката за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот "Трница" општина Студеничани согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина ("Службен весник на Република Македонија" бр.194/16), со Предлог-одлука за престанок на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина"

20. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од мотел Кораб Трница – Маврово и Ростуша, со Предлог - решение

21. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Уни Палас 1 - Кавадарци, со Предлог - решение

22. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Уни Палас 2 - Кавадарци, со Предлог - решение

23. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Емка - Тетово, со Предлог - решение

24. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Аура – Охрид, со Предлог – решение

25. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Централ – Виница, со Предлог – решение

26. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Мотел Ресторан Ваго - Штип, со Предлог - решение

27. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од мотел ресторан Ваго - Карбинци, со Предлог - решение

28. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од Бест вестерн хотел Турист - Скопје, со Предлог – решение

29. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Лаки и Спа - Охрид, со Предлог - решение

30. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од Хотел Епинал-Битола, со Предлог-решение

31. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Турист - Охрид, со Предлог-решение

32. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Широк Сокак - Битола, со Предлог-решение

33. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Капри - Битола, со Предлог-решение

34. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Метропол - Охрид, со Предлог-решение

35. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Холидеј Ин - Скопје, со Предлог-решение

36. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел Кратис - Кратово, со Предлог – решение

37. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од Хотел Премиер (ул. ул.Лавчански пат б.б) - Битола, со Предлог-решение

38. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од Хотел Премиер (ул.Стив Наумов бр.12) - Битола, со Предлог-решение

39. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од Хотел Алпина – Маврово, со Предлог-решение

**в) политички систем**

40. Предлог -закон за ратификација на Спогодба за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Советот на министрите на Босна и Херцеговина во процесот на пристапување во Европската Унија

41. Извештај за завршени преговори за потпишување на Протокол меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за начинот на изработката на урбанистичко-планска и соодветна техничка документација, поделба на режиските трошоци и трошоците за одржување на заедничкиот објект, како и за начинот на вршењето на граничната контрола на Заедничкиот граничен премин меѓу Република Македонија и Република Косово наменет за меѓународен патен сообраќај "Белановце-Станчиќ", со усогласен текст на Протоколот на македонски и англиски јазик

42. Извештај за учеството на припадници на Армијата на Република Македонија во мировната операција АЛТЕА во Босна и Херцеговина, во периодот од месец ноември 2016 година до мај 2017 година

43. Информација за иницијативите на Стопанската Комора на Македонија и Нотарската Комора на Република Македонија за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот и Законот за извршување

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

44. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита

45. Предлог - закон за дополнување на Законот за заштита на децата

46. Информација за текот на реализација на проектот за користење услуга на бањско климатска рекреација на корисници на пензија за период март-јуни 2017 година

47. Информација за текот на реализација на проектот за користење услуга на бесплатен туристички викенд на корисници на пензија за период март-јуни 2017 година

48. Информација за „Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика 2020“ со Предлог „Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2020“

49. Информација за проектот „Курсеви наменети за потребите на децата и семејствата во социјален ризик, односно деца од семејства корисници на социјална и постојана парична помош, деца приматели на посебен додаток, деца приматели на детски додаток, деца без родители и родителска грижа и лица кои до осумнаесет години имале статус на деца без родители и родителска грижа“

50. Информација за Четвртиот Министерски Форум на земјите членки на здравствената мрежа на југоисточна Европа и потпишување на Повелбата Кишињев 2017

**Б. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) економски систем и тековна политика**

51. Предлог-одлука за зголемување на капиталот на Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка со запишување на дополнителни акции од страна на Република Македонија

52. Предлог-решение за овластување на потписник за склучување на договори за купопродажба на станови

**б) политички систем**

53. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Врховен суд на Република Македонија

54. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Апелационен суд Гостивар

55. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Основен суд Скопје II – Скопје

56. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на движна ствар на Државната изборна комисија

57. Предлог-решение за изменување и дополнување на Решението за именување претседател, национално контакт лице, членови и секретар на Националната комисија за мало и лесно оружје

58. Барање на Салем Аведат Салем за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

59. Барање на Хассан Аведат Салем Аведат за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) човечки ресурски и одржлив развој**

60. Предлог-одлука за давање во закуп на недвижна ствар со непосредна спогодба на Здружението – Национален комитет на Меѓународниот Совет за споменици и локалитети – ИКОМОС во Македонија - Скопје

61. Предлог-одлука за давање во закуп на дел од недвижна ствар со непосредна спогодба на Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје

62. Предлог-одлука - за престанување на важење на одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална универзитетска библиотека ,,Св.Климент Охридски” - Скопје

63. Предлог -одлука - за престанување на важење на одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националниот сојуз на слепите на Република Македонија

64. Предлог-одлука - за престанување на важење на одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на државното училиште за деца и младинци со оштетен вид ,,Димитар Влахов” - Скопје

65. Предлог -одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на НУБ ,,Св. Климент Охридски

66. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национален сојуз на слепи лица

67. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државно училиште за деца и младинци со оштетен вид ,,Димитар Влахов” -Скопје

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

68. Извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија во 2016 година

69. Извештај за работата на Регулаторната комисија за домување за периодот од 01 јули до 31 декември 2016 година

70. Финансиски план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2017 година

71. Барање за давање на автентично толкување на член 12 и член 13 од Законот за градежно земјиште, поднесено од ВД градоначалникот на Општина Струга

72. Барање за давање на автентично толкување на членот 104 од Законот за работните односи, поднесено од градоначалникот на општина Зелениково

73. Барање за давање на автентично толкување на членовите 3 и 5 од Законот за празници на Република Македонија, поднесено од градоначалникот на општина Чашка

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

74. Понуда од нотар Емилија Георгиевска – Аџиска за продажба на идеален дел од недвижен имот кој е во сосопственост со Република Македонија, со Имотен лист бр.1971 за КО Двориште, КП 3624

75. Понуда од нотар Ристо Папазов за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.53378 за КО Карпош, КП 3327

76. Понуда од нотар Фатмир Ајрули за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.714 за КО Бутел, КП 5313

77. Понуда од нотар Марјанчо Велјановски за продажба на недвижен имот кој е во сосопственост со Република Македонија, со Имотен лист бр.95166 за КО Битола 4, Имотен лист бр 38601 за КО Битола 4 и Имотен лист бр.7517 за КО Битола 4, КП 3061

**В) ДРУГИ ПРЕДЛОЗИ**

78. Кадровски прашања

79. Прашања и предлози

**Г) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

80. Извештај за работа на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба во 2016 година

81. Информација за квалитет на воздухот во Република Македонија за месец мај 2017 година

82. Информација за квалитет на воздухот во Република Македонија за месец јуни 2017 година

83. Информација за активности на Министерството за внатрешни работи за за спроведување на Законот за заштита од бучава во животна средина за периодот од 01 јануари до 30 јуни 2017 година

84. Информација за активности на Министерството за внатрешни работи за спроведување на Законот за јавна чистота во периодот од 01.04.2017 до 30.06.2017 година

85. Информација за активностите на Министерството за внатрешни работи за откриени случаи на криумчарење на земјоделско-прехранбени производи и жив добиток на граничните премини и илегалните премини во периодот од 01.04.2017 до 30.06.2017 година.

86. Информација за можноста за вршење на периодични здравствени прегледи од страна на здравствени работници на корисниците во дневните центри за деца и лица со пречки во развојот

87. Информација за прогрес на проектот „400 аудио книги за слепи лица".

**Д) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

88. Предлог - закон за употреба на јазиците

89. Информација за доставување на барање за мислење до Венецијанската комисија на одредби од Предлог - законот за употреба на јазиците

90. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Македонија

91. Предлог - закон за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата

92. Информација за вработување на дополнителен број на социјални работници во центрите за социјална работа во Република Македонија

93. Информација за давање согласност за распишување на Јавен оглас бр.01/17 за давање во закуп земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, со текст на Јавен оглас, Предлог - решение за формирање Комисија за давање во закуп земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари и Предлог-одлука за давање согласност на Јавниот оглас за давање во закуп земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари

94. Информација за давање согласност за распишување на Јавен оглас бр.02/17 за давање во закуп земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари, по пат на електронско јавно наддавање, со текст на Јавен оглас, Предлог - решение за формирање Комисија за давање во закуп земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари и Предлог-одлука за давање

согласност на Јавниот оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање

95. Предлог - одлука за одобрување на средства од Резервите на Буџетот на Република Македонија за 2017 година

96. Предлог - одлука за престанок и давање на времено користење на движна ствар на Министерство за економија

*

*       *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Петнаесеттата седница на Владата, одржана на 18.7.2017 година.

*

*       *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

*

*       *

Владата го одложи разгледувањето на точките 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 17, 18, 19, 40, 41, 42, 43, 46, 47, 48, 49, 50, 53, 54, 55, 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64, 65, 66, 67, 68, 69, 70, 71, 72, 73, 80, 81, 82, 83, 84, 85 и 87 од Дневниот ред на Осумнаесеттата седница на Владата, за наредната седница на Владата.

*

*       *

**Точка 1**

Владата го одложи за наредната седница на Владата разгледувањето на Информацијата за обезбедување на потребните количини дизел гориво и финансиски средства за ангажирањето на механизацијата на Дирекцијата за заштита и спасување за поплавите во Тетово и Скопје во 2016 година, со Предлог-одлука, поради потребата Дирекцијата за заштита и спасување да одржи координативен состанок со Министерството за финансии и Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати заради изнаоѓање на решение за надминување на настанатата ситуација.

Точката претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна политика и Комисијата за политички систем.

**Точка 16**

Владата ги разгледа новите текстови на Барањето за поведување постапка за овластување на организација за изработка на одликувања на Република Македонија и Информацијата за иницирање на постапка за донесување на одлука за овластување на организација за изработка на одликувања на Република Македонија, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за овластување на организација за изработка на одликувања на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од мотел Кораб Трница – Маврово и Ростуша, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Уни Палас 1 - Кавадарци, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Уни Палас 2 - Кавадарци, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Емка - Тетово, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Аура – Охрид, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Централ – Виница, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Мотел Ресторан Ваго - Штип, со Предлог -

решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од мотел ресторан Ваго - Карбинци, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од Бест вестерн хотел Турист - Скопје, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Лаки и Спа - Охрид, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од Хотел Епинал-Битола, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Турист - Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Широк Сокак - Битола, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Капри - Битола, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Метропол - Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата по Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Холидеј Ин - Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја задолжи Комисијата за категоризација на угостителски објекти за сместување, да изврши дополнителна проверка на Хотелот Холидеј Ин – Скопје и до Владата да достави нов извештај за извршената категоризација на угостителскиот објект за сместување со соодветно Предлог-решение.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел Кратис - Кратово, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од Хотел Премиер (ул. ул.Лавчански пат б.б) - Битола, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од Хотел Премиер (ул.Стив Наумов бр.12) - Битола, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од Хотел Алпина – Маврово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка, го утврди како Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, кој се донесува по редовна постапка и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и д-р Елми Азири, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереник Душан Томшиќ од Министерството труд и социјална политика.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за труд и социјална политика да го има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 45**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог - законот за дополнување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка, го утврди како Предлог - закон за дополнување на Законот за заштита на децата, кој се донесува по редовна постапка и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и д-р Елми Азири, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереник Душан Томшиќ од Министерството труд и социјална политика.

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за зголемување на капиталот на Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка со запишување на дополнителни акции од страна на Република Македонија (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата го донесе новиот текст на Решението за овластување на потписник за склучување на договори за купопродажба на станови, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движна ствар на Државната изборна комисија, во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата го донесе Решението за изменување и дополнување на Решението за именување претседател, национално контакт лице, членови и секретар на Националната комисија за мало и лесно оружје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Емилија Георгиевска – Аџиска за продажба на идеален дел од недвижен имот кој е во сосопственост со Република Македонија, со Имотен лист бр.1971 за КО Двориште, КП 3624 и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт и врски.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ристо Папазов за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.53378 за КО Карпош, КП 3327 и по Понудата, го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.714 за КО Бутел, КП 5313 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Марјанчо Велјановски за продажба на недвижен имот кој е во сосопственост со Република Македонија, со Имотен лист бр.95166 за КО Битола 4, Имотен лист бр 38601 за КО Битола 4, и Имотен лист бр.7517 за КО Битола 4, КП 3061 и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 78**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 79**

1. Екрем Зендели, заменик на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување ги информира членовите на Владата во врска со состојбата со пожарот во селото Требовље, во реонот на општина Македонски Брод, како и за пожарите во Нова Брезница во Скопје и во Катланово и согласно информирањето, Владата заклучи, во текот на оваа вечер, да се одржи седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи.

**Точка 86**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за можноста за вршење на периодични здравствени прегледи од страна на здравствени работници на корисниците во дневните центри за деца и лица со пречки во развојот, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерство за труд и социјална политика во рок од 15 дена да иницира состанок со работната група составена од претставниците од Министерство за здравство кои што работат на ова поле, со цел организирање и проширување на активноста.

**Точки 88 и 89**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - законот за употреба на јазиците и Информацијата за доставување на барање за мислење до Венецијанската комисија на одредби од Предлог - законот за употреба на јазиците, за некоја од наредните седници на Владата.

**Точка 90**

Владата го одложи за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седниците на основните комисии на Владата, Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Македонија, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 91**

Владата го разгледа Предлог-законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата, по скратена постапка, го утврди како Предлог-закон за материјално

обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата, кој се донесува по редовна постапка и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и д-р Елми Азири, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереник Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

Во врска со ова, Владата заклучи министерот за труд и социјална политика, Мила Царовска, да одржи прес конференција, да ја информира јавноста и да повика на јавна дебата согласно постапката, за да може да се изјаснат сите заинтересирани страни во општеството по овој Предлог-закон.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Информацијата за вработување на дополнителен број на социјални работници во центрите за социјална работа во Република Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерство за финансии, да даде согласност за обезбедени средства за вработување на 29 социјални работници, во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Министерството за труд и социјална политика за 2017 година на Раздел 15001.

2. Се укажува на центрите за социјална работа по обезбедување на согласност за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии да отпочнат постапки за вработувања согласно со законските одредби, при што да се води грижа за соодветната и правична застапеност на етничките заедници согласно стратегиите на Владата.

**Точка 93**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање согласност за распишување на Јавен оглас бр.01/17 за давање во закуп земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, со текст на Јавен оглас, Предлог - решение за формирање Комисија за давање во закуп земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари и Предлог-одлука за давање согласност на Јавниот оглас за давање во закуп земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, за наредната седница на Владата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на основните комисии на Владата.

**Точка 94**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање согласност за распишување на Јавен оглас бр.02/17 за давање во закуп земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари, по пат на електронско јавно наддавање, со текст на Јавен оглас, Предлог - решение за формирање Комисија за давање во закуп земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари и Предлог-одлука за давање согласност на Јавниот оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, за наредната седница на Владата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на основните комисии на Владата.

**Точка 95**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Резервите на Буџетот на Република Македонија за 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 96**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и давање на времено користење на движна ствар на Министерство за економија, во предложениот текст.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 2.00 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**